# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 13 | Вторник, 30. 06. 2009 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица**:


| | | Стр. |
|---|---|---|
| **243.** | **Одлука** за финансиско учество на општина Струмица во Програмата „Форуми во заедницата” .............. | 2 |
| **244.** | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Струмица ...................... | 2 |
| **245.** | **Одлука** за утврдување услови за издавање акти и други документи од органите на општина Струмица | 3 |
| **246.** | **Решение** за избор на членови за учество во работата на Комисијата за издавање на деловен простор под закуп ............................................ | 3 |
| **247.** | **Програма** за дополнување на Годишната програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2009 година | 4 |
| **248.** | **Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД ”Комуналец” Струмица за периодот I - III месец 2009 година .................... | 4 |


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за финансиско учество на општина Струмица во Програмата „Форуми во заедницата”

1. Се објавува Одлуката за финансиско учество на општина Струмица, во Програмата „Форуми во заедницата” донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.06.2009 година.

Бр. 08-4082 /2
30.06.2009 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.

.....................................

**243.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на

општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за финансиско учество на општина Струмица во Програмата „Форуми во заедницата”**

Член 1

Се одобрува износ од 2.000.000,оо денари, финансиско учество на општина Струмица, во Програмата „Форуми на заедницата”, како средства за учество во проектниот фонд.

Член 2

Се одобруваат и трошоци поврзани со формуските сесии за учество во процесот на Програмата (трошоци за оперативна група, превоз, превод, обезбедување на простории и сл.).

Член 3

Средствата одобрени во член 1 и 2 да се исплатат од Буџетот на општина Струмица

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр. 07- 4082/1 Совет на општина Струмица
30.06.2009 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Марјан Дскаловски с.р.

......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финасиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финасиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Струмица донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.06.2009 година.

Бр. 08-4099/2 Градоначалник
30.06.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

**244.**

Врз основа на член 62 од Законот за јавни патишта (“Службен весник на РМ” број 84/08 година) и член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02 година) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистан текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 година), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обез-бедување финансиски средства за изградба, реконструкција,одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Струмица**

Член 1

Во член 4 од Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Струмица ( „Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 16/08) се врши следната измена:

- Износот „350 денари“ се заменува со износот „200 денари“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-4099/1 Совет на општина Струмица
30.06.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување услови за издавање акти и други документи од органите на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување услови за издавање акти и други документи од органите на општина Струмица донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.06.2009 година.

Бр. 08-4102/2 Градоначалник
30.06.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

## 245.

Врз основа на член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ( „ Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување услови за издавање акти и други документи од органите на општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуват условите за издавање акти и други документи од органите на општина Струмица.

Член 2

Правните и физичките лица кои ќе побарат било каков акт или документ со кој докажува дека остварува некое право или се потврдува одредена состојба или статус за која е надлежна Општината, покрај другите документи во прилог на барањето потребно е да достави доказ дека ги имат измирено обврските кон јавните претпријатија основани од Општината и доказ за измирени јавни и други давачки кон Општина Струмица.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-4102/1 Совет на општина Струмица
30.06.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на членови за учество во работата на Комисијата за издавање на деловен простор под закуп

1. Се објавува Решението за избор на членови за учество во работата на Комисијата за издавање на деловен простор под закуп донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.06.2009 година.

Бр.08-4100/2 Градоначалник
30.06.2009год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

## 246.

Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст (“Сл. Гласник на општина Струмица” број 5/07 ) и член 6 и 7 од Правилникот за условите и начинот за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 22/07 ), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 30.06.2009 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за избор на членови за учество во работата на Комисијата за издавање на деловен простор под закуп**

1. За учество во работата на Комисијата за издавање на деловен простор по закуп се избираат:

- Катерина Кузмановска,
- Методи Витанов, и
- Неша Лазаревска.

2. Ова Решение влегува во сила по објавувањето во „Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.07-4100/1 Совет на општина Струмица
30.06.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Годишната програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2009 година

1. Се објавува Програмата за дополнување на Годишната програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2009 година донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.06.2009 година.

Бр. 08-4101/2 Градоначалник
30.06.2009год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

**247.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ( „ Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06) , Советот на општина Струмица на седницата одржана на 29.06.2009 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Годишната програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2009 година**

1. Со оваа Програма се врши дополнување на Годишната програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2009 година (“Сл. гласник на општина Струмица„ број 16/08, 7/2009 и 11/2009 ) и тоа:

Во делот на Програмата под

**1. Планирани активности:**
Во делот:
**Ф1 I. Детални урбанистички планови во градот**
- по реден број 29 се додава нов реден број и тоа:

| Р.б | Објект | износ ден. |
|---|---|---|
| 30 . | Блок 36 и дел од Блок 37 (во просторот на касарната) | Буџет на РМ |

**По дел III Урбанистички планови вон населени места** , се додава нов дел и тоа:

**IV. Генерален урбанистички план за град Струмица**

| Р.б. | Објект | износ ден. |
|---|---|---|
| 1. | Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план на Град Струмица за Блок 36 и дел од Блок 37 – намена на земјиштето | Буџет на РМ |

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-4101/1 Совет на општина Струмица
30.06.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД”Комуналец” Струмица за периодот I - III месец 2009 година

1. Се објавува Заклучокот за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД ”Комуналец” Струмица за периодот I - III месец 2009 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 30.06.2009 година.

Бр. 08-4098/2 Градоначалник
30.06.2009 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................

**248.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавни претпријатија (“Сл весник на РМ” број 38/96 година) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст (“Сл гласник на општина Струмица”број 5/06 година), Советот на општина Струмица на седницата, одржана на 30.06.2009 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД”Комуналец” Струмица за периодот I - III месец 2009 година**

1. Се дава согласност на Извештајот за работа на ЈПКД “Комуналец” Струмица за периодот I-III месец 2009 година, усвоен со Одлука на Управниот одбор бр. 02-2392/2 од 12.06.2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-4098/1 Совет на општина Струмица
30.06.2009 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.